Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-494/4
16-12-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 494/1 од 19.9.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, во областа на јавно информирање и медиуми врз припадниците на ЛГБТИ+ заедницата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 16.12.2022 година, го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет сторено од [redacted] врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми.

## Образложение

На 19.9.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против [redacted], за сторена дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитен врз ЛГБТИ+ заедницата, во областа на јавно информирање и медиуми.

Во поднесената претставка се наведува дека [redacted] на 17.9.2022 година од своите профили на социјалните мрежи Instagram и Facebook ширела расистички и ксенофобичен материјал кој оправдува и промовира омраза против маргинализирана група. Имено, се вели дека таа објавила кратко видео и текстуална содржина: "Србија је вечна док су јој деца верна", а во контекст на насилството на група хулигани кои нападнале ЛГБТИ+ младинци на "Европрајд" во Белград. Во претставката се изнесува дека посочениот текст и видеото поттикнуваат омраза и насилство кон ЛГБТИ+ заедницата. Во прилог на претставката беше доставено и ЦД со спорната содржина.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 17.10.2022 година испрати известување со барање за произнесување по наводите од претставката до [redacted]. Бидејќи, видно од поштенската повратница, потенцијалната дискриминаторка не го добила известувањето, Комисијата на ден 11.11.2022 испрати ново известување со цел доставување на произнесување. Ова барање беше уредно примено од страна на потенцијалната дискриминаторка.

Со оглед на фактот дека во законски предвидениот рок потенцијалната дискриминаторка не достави поднесок за произнесување по наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при носењето на ова мислење ги ценеше само наводите и доставените докази од страна на подносителот.

При увид во приложените докази во претставката Комисијата не најде факти и околности кои укажуваат дека во конкретниот случај е извршена дискриминација. Имено, приложената видео снимка е прилично матна и има многу чад, снимката не дава никаков контекст и единствено што може да се види на истата е поголема група граѓани која трча. Од ваквата видео снимка не може да се утврди контекстот, а ниту може да се стави во вознемирувачка корелација со напишаниот текст од страна на потенцијалната дискриминаторка, ниту пак може да се утврди дискриминаторската основа.

Согласно своите законски надлежности, имајќи ги предвид фактите на случајот и содржината на приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот, констатирајќи дека не е исполнета законската дефиниција за дискриминација од член 6 и законската дефиниција за вознемирување од член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

*"Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика."*

Следствено на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека Драгана Дамјановиќ не извршила дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на јавно информирање и медиуми спрема ЛГБТИ+ заедницата со објавување на цитираната објава на социјалните мрежи и одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје
16.12.2022 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]